# Креирање политика за национална безбедност и родот

СОДРЖИНА

Зошто родот е важен за политиките за национална безбедност?

Како може родот да се вклучи во политиките за национална безбедност?

Постконфликтни предизвици и можности

Прашања за креирањето политика за национална безбедност

Повеќе информации

Овој документ беше првично објавен во 2008 година како “Toolkit on Gender and Security Sector Reform” од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Центарот за демократска контрола врз оружените сили од Женева (DCAF) и Меѓународниот институт за истражување и обука за унапредување на жените на Обединетите нации (УН-ИНСТРАВ).

Постои висока свест дека реформата на безбедносниот сектор (РБС) треба да одговори на различните безбедносни потреби на мажите, жените, момчињата и девојчињата. Вклучувањето на родовите прашања исто така е клучно за ефикасноста и одговорноста на безбедносниот сектор и за домашната сопственост врз реформите и легитимноста на процесите на РБС.

Оваа практична белешка дава кус вовед во придобивките од вклучувањето на родовите прашања во креирањето политики за национална безбедност, како и практични информации како да се стори тоа.

Оваа практична белешка е заснована на подолга Алатка, и обете се дел од **Збирката алатки за родот и РБС**. Осмислена со цел да пружи вовед во родовите прашања за практичарите и креаторите на политики во РБС, Збирката опфаќа 12 Алатки со соодветни Практични белешки – види во Повеќе информации.

## Зошто родот е важен за политиките за национална безбедност?

**Политиките за национална безбедност** го поставуваат пристапот на владата кон безбедноста и како се очекува да биде постигната. Тие вклучуваат широки стратегии и политики за национална безбедност, кои можат да се наречат и план, визија, стратегија, концепт или доктрина, како и посебни политики а институциите , каква што е белата книга за одбраната.

**Родот** се однесува на улогите и односите, личните карактеристики, ставови, однесувања и вредности кои општеството им ги припишува на мажите и на жените. Оттаму поимот „род“ се однесува на научените разлики меѓу мажите и жените, додека поимот „пол“ се однесува на биолошките разлики меѓу мажите и жените. Родовите улоги во и меѓу културите се многу различни и можат да се сменат со текот на времето. Зборот род не се однесува само на жените или мажите туку и на односот меѓу нив.

Вклучувањето на родовите прашања во политиките за национална безбедност ја зголемува нивната релевантност и одржливост:

**Домашна сопственост низ партиципативни процеси за креирање политика**

- Широки консултации за безбедносните потреби и приоритети кои вклучуваат широк опфат на организации на граѓанското општество ја зајакнуваат домашната сопственост, легитимитетот кај јавноста и помага да се изгради национален консензус за позбедносните прашања.Различните перспективи што ги носат организациите на жените и на мажите се од критична важност.

**Сеопфатна безбедносна политика која се осврнува на разлличните безбедносни потреби**

- Земањето предвид на различните безбедносни и правосудни потреби на жените, мажите, девојчињата и момчињата води до посеопфатни и ефикасни безбедносни политики.
- Вниманието посветено на родовите прашања во политиките за национална безбедност фрла светлина врз важноста на третирањето на конкретните внатрешни закани за безбедноста какво што е родовото насилство (РН).

**Недискриминација во безбедносните политики и во институциите на безбедносниот сектор**

- Намалувањето на дискриминацијата вршена од персоналот на безбедниосниот секотр гради доверба, го зголемува легитимитетот и го подобрува прижањето безбедност и правда. Безбедноста политика може да востанови заштитни правила против дискриминацијата во институциите на безбедносниот сектор.

**Почитување на обврските од меѓународните закони и инструменти**

Вклучувањето на родот во креирањето наполитика за национална безбедност е неопходно заради почитување на меѓународните и регионалните закони, инструменти и норми во врска со безбедноста и родот. Меѓу клучните инструменти спаѓаат:

- *Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација кон жените (1979)*
- *Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации за жените, мирот и безбедноста (2000)*

За повеќе информации, ве молиме погледнете го Прилогот за меѓународните и регионалните закони и инструменти во Збирката алатки.

| Пример 1 | Родови прашања што треба да се вклучат во политиката за национална безбедност |
|---|---|

- Еднаквото право на мажите и на жените за учество во институциите на безбедносниот сектор.
- РН како внатрешна закана за безбедноста.
- Елиминација на дискриминацијата и на другите кршења на човековите права во институциите на безбедносниот сектор или при пружањето безбедносни и правосудни услуги.
- Механизми кои го обезбедуваат учеството на граѓанското општество, вклучувајќи го организациите на жените, во надзорот врз спроведувањето на безбедносните политики, процесите на РБС и институциите на безбедносниот сектор.

## Како може родот да се вклучи во политиките за национална безбедност?

Развојот или ревизијата на политиката за национална безбедност бара учество на широк опсег на актери, вклучувајќи ги националните влади, парламентот, локалната власт и организациите на граѓанското општество (ОГО). Секој од актерите може да преземе чекори за вклучување на родот во креирањето безбедносна политика:

### Национална влада

(вклучувајќи ги и координативните тела за безбедност и комитетите за изготвување нацрт-политика)

- Изградете ги капацитетот и обврзаноста на персоналот на високо ниво и официјалните претставници за да се осврнат на родот во креирањето безбедносна политика преку обука, брифинзи, и извештаи за родови прашања и менторки програми.
- Зголемете го учеството на жените во креирањето безбедносна политика преку:

| Студија на случајот 1 | Националната безбедносна политика на Јамајка – вклучувачки процес[1] |
|---|---|

Во средината на 2007 година, Владата на Јамајка усвои сеопфатна Политика за национална безбедност – Кон безбедна и просперитетна нација. Оваа стратегија се базираше врз Зелената книга за национална безбедносна стратегија, која првпат влезе во Парламентот во јануари 2006 година, и на последователната Бела книга за национална безбедносна стратегија. Во почетокот, јамајканската Влада планираше да спроведе ревизија на одбраната. Сепак, набргу сфати дека е потребен поширок пристап за осврт на постоечкиот опфати потенцијални закани за националната безбедност, како организираниот криминал, насилството на бандите, социоекономските грижи и катастрофите во животната средина. Беа иницирани широки консултации, во кои беа вклучени сите релевантни гранки на владините и државните институции и ОГО, вклучувајќи ги и организациите на жените.

Под насловот „Влијание на насилството врз заедниците", политиката за национална безбедност повикува да се обрати непосредно внимание на влијанието што насилството го има врз поединците, заедниците и општеството. „Домашното насилство", се вели, „е една од најкарактеристичните и најчестите форми што го инфицираат општеството. Тоа придонесува кон општата шема на криминал и насилство поради неговите ослабувачки последици за општественото ткиво и неговата улога во социјализацијата на младите да употребуваат насилството како средство за решавање недоразбирања. Жените и децата се изложени на диспропорционално поголем ризик од домашно насилство".

- Назначување жени во националните совети за безбедност и комитетите за изготвување нацрт-политика за безбедност.
- Вклучување на претставници од министерствата и/или други владини ентитети или на парламентарната групација одговорна за родовите и за прашањата на жените во безбедносните тела
- Востановување механизми за консултација со претставниците од организациите на жените и со родови ексспертите за прашањата за безбедносната политика.

- Експлицитно вклучете ги родовите прашања во безбедносните политики (види Пример 1)
- Употребувајте родово чувствителен јазик за да избегнете дискриминација и исклучување – на пример велете „полицаец" и „полицајка" наместо „полицаец" и „претседавач" и „претседавачка" наместо „претседавач".

### Парламент

- Осигурете дека процесите за креирање безбедносни политики е влучувачки и партиципативен преку:
  - Преземање процеси на широки јавни консултации (види Пример 2).
  - Одржување парламентарни расправи, отворени дебати и состаноци во градското собрание за да се побара придонес од мажите и жените во целото општество за безбедносните прашања, и за да дискутирате за нацрт-политиките за безбедност.
  - Одржете посебни состаноци со групи во општеството кои нема или можеби не можат да зборуваат јавно – на пример со малцински етнички групи.
- Борете се за еднакво учество на пратениците и пратеничките во креирањето безбедносна политика преку:
  - Промовирање на учеството на пратеничките во комитетите за одбрана и безбедност.
  - Охрабрување на пратеничките и/или пратениците заинтересирани за родови прашања да соработуваат преку партиските линии за да развијат заедничка платформа за родот и безбедносните прашања.
  - Поддржување на формирањето женски групации/коалиции во парламентот и во политичките партии (види Студија на случај 2).

### Локални власти

- Вклучете ги жените, родовите експерти и претставниците од организациите на жените во комитетите и советите за безбедност на ниво на заедница и во ревизиите на безбедноста во заедницата.
- Земете ги предвид различните безбедносни и правосудни потреби на мажите, жените, момчињата и девојчињата во локалните иницијативи за спречлување и одговор на криминалот, како и во поглед на прашањата за РН.
- Пренесете им ги резултатите од ревизијата на сигурноста и процесите за планирање на регионалните и националните безбедносни тела, за локалните безбедносни реалности на мажите и жените да бидат вклучени вополитиките за национална безбедност.

### Организации на граѓанското општество

- Застапувајте се за тоа родовите прашања да бодат опфатени во политиките за национална безбедност.
- Претставете ги ставовите на мажите, жените, момчињата и девојчињата во целото општество, вклучувајќи ги и оние од маргинализираните групи, процесите за креирање безбедносна политика.

- Обезбедете маса техничко знаење и експертза за обуки за родот и безбедносните прашања на кои можат да се потпрат креаторите на политики и пратениците.
- Набљудувајте ги родовите прашања при спроведувањето на безбедносните политики.
- Спроведете родови ревизии и проценки на безбедносните политики и на институциите во безбедносниот сектор.

| Пример 2 | Консултациите за политиките за национална безбедност треба да ги опфатат: |
|---|---|

- Руралните и урбаните женски организации на заедницата
- Работничките синдикати
- Религиозните организации
- Лидерите на заедниците и активистите
- Младинските организации
- Асоцијациите на староседелците, етничките и другите малцинства
- Организации за социјална правда и услуги
- Асоцијации на иселеници
- Асоцијациите на лицата со инвалидитет
- Групите застапници на децата
- Претставници на академските кругови и истражувачи
- Меѓунродни организации

**Родовата обука** е важна алатка за градење на капацитетот за развивање и спроведување на родово одговорна безбедносна политика. Клучните целни групи за родова обука ги вклучуваат:

- Службите во министерства вклучени во креирање безбедносна политика вклучувајќи ги службите во министерството за одбрана, за внатрешни и за надворешни работи.
- Членовите на координативните тела за безбедност и комитетите за изготвување нацрт-политика.
- Пратениците во комитетите за одбрана и безбедност и нивниот персонал.
- Членовите на локалните совети за безбедност на граѓаните или форумите на полиција на заедницата.
- ОГО кои работат на безбедносната политика.

**Родово одговорна проценка набљудување и оценка** на безбедносните политики е неопходно за да се обезбеди дека тие ги задоволуваат потребите на мажите, жените, девојчињата и момчињата. Корисните стратегии вклучуваат:

- Родова и социо-економска анализа на постоечките родови улоги и односи, особено разликите во активностите, пристапот до ресурсите и одлучувањето, и економските, социјалните, политичките и другите ограничувања со кои се соочуваат жените и мажите.
- Проценка за влијанието на безбедносната политика врз родот за да се утврди потенцијалното и постоечкото влијание на безбедносната политика врз мажите, жените, девојчињата и момчињата.
- Родова анализа на буџетот за да се утврди дали правични и соодветни средства се алоцирани за да се задоволат различните безбедносни и правосудни потреби на мажите, жените, девојчињата и момчињата.

**Исто така достапно во Алатка 8...**
- Примери за родово чувствителен јазик во политиките за национална безбедност.
- Процес во пет чекори за ревизија на безбедноста во заедницата
- Активности што можат да ги преземат ОГО за да го поддржат креирањето родово одговорни безбедносни политики
- Прашања за проценка на влијанието на безбедносната политика врз родот
- Прашања за родова анализа на буџетот
- Предизвици и можности за вклучување на родовите прашања во креирањето безбедносни политики во постконфликтни, во транзициски, во земји во развој и во развиени земји.

## Постконфликтни предизвици и можности

Реформата на безбедносниот сектор е клучен приоритет во постконфликтните земји и безбедносните политики ќе формираат значајна основа за структурирање на овој процес. Процесите на креирање политика можат да бидат можност за преговарање околу безбедносните улоги и одговорности и на државните и на недржавните актери.

### Предизвици за вклучувањето на родовите прашања

- Државните институции можат да бидат слаби и така да имаат ограничен капацитет за да спроведат широки консултативни процеси. Ова пак, ја ограничува вклученоста на организациите на жените и вклучувањето на родовите прашања.
- Ниското ниво на образование и недостигот од техничка експертиза можат да бидат препреки за ангажирањето на јавноста во процесите на креирање политики, особено влијаејќи врз жените и врз одредени етнички групи.
- Извршните и безбедносните институции можат да гледаат на ОГО како на политички соперници и оттаму се неодлучни да работат со организациите на жените.

| Студија на случајот 2 | Вклучувањето на родот во креирањето безбедносни политики: улогата на жените од АНК во Јужноафриканската Република |
|---|---|

Транзицијата на Јужна Африка кон демократија покажува како пропуслива политичка средина, формирањето женска лига во рамките на политичка партија и застапување за родовите прашања низ целиот политички спектрум може да влијае врз креирањето политика за национална безбедност.

Политичкиот простор за осврт кон родовите прашања беше создаден од жените во граѓанското општество и во политичките партии. Поради загриженост дека жените се маргинализирани, Женската лига на Африканскиот национален конгрес беше реформирана во 1990 година. Таа енергично побара вклучување на жените на лидерски позиции и за вклучување на родовата еднаквост во политиките на АНК. Нивното застапување е очигледно во клучната публикација на АНК од 1992 насловена Подготвени за власта: политичко упатство за демократска Јужна Африка, која призна дека „родовата дискриминација или го исклучуваше или го потчинуваше учеството на жените во сите социо-економски и политички институции“[3]. Подготвени за власта предложи прифаќање четири меѓусебно поврзани вредности: демократија и граѓанска власт, безбедност на луѓето, антимилитаризам и родова еднаквост. Таа повтори дека институциите од безбедносниот сектор мора да ги почитуваат идеалите за демократија, нерасизам и несексизам; и да ги одразуваат националниот и родовиот состав на јужноафриканското општество.

### Можности за вклучувањето на родовите прашања

- Мировните договори можад да го пропишат развојот на родово одговорни политики за национална безбедност.
- Партиципативните национални дијалози за безбедност и помирување ноже да им овозможат и на жените и на мажите да имаат глас во идентификувањето на националните безбедносни потреби и приоритети.
- Женските групи на граѓанското општество кои работе на мирот и ја поддржуваа безбедноста на ниво на заедница за време на конфликтот можат да понудат вредно експертско знаење при креирањето безбедносна политика.

| Пример 3 | Вклучување на организациите на жените во креирањето безбедносна политика |
| --- | --- |

- Олеснете ја интеракцијата меѓу женските групи и локалните актери кои пружаат безбедност, на пример преку нивно вклучување во комитетите за локална безбедност.
- Изградете го капацитетот на организациите на жените за прашањата на безбедносната политика вклучувајќи надзор врз безбедносниот сектор.
- Вклучете претставници на организациите на жените како експерти за родот во парламентарните расправи или спроведувањето родова обука.

- Уставна и изборна реформа која ја зголемува застапеноста на жените во парламентот ја зголемува можноста жените да се наоѓаат на позиции во телата за одлучување за безбедноста.
- Растечкото ниво на постконфликтно РН можат во преден план да ја донесат потребата безбедносните политики да ги опфатат спречувањето и одговорот на РН како безбедосен приоритет.
- Донаторите и меѓународните организации можат да ги подддршат родово одговорните процеси за креирање безбедносни политики.

## ? Прашања за креирање политика за национална безбедност

Клучните прашања што треба да се постават за да се осигура дека родовите прашања се опфатени со креирањето политика за национална безбедност се:

- Дали нагласокот е врз национална или безбедност на луѓето? Дали се опфатени внатрешните безбедносни закани и секојдневните закани за безбедноста на луѓето?
- Дали политиката е развиена на партиципативен начин, вклучувајќи ги женските групи и другите ОГО, службата на министерството за женски работи, пратеничките и родовите експерти?
- На кој начин политиката се осврнува на посебните безбедносни потреби на жените, мажите, девојчињата и момчињата?
- Како полиитката се осврнува на РН?
- Како политиката ја нагласува важноста на целите за родова еднаквост , вклучувајќи ги недискриминацијата и еднаквото учество на ѓените и маѓите?
- Дали политиката е формулирана со родово чувствителен јазик?
- Дали политиката е на иста линија со меѓународната, регионалната и националната легислатива и политики за родовите прашања?
- Дали политиката ќе биде спроведена, набљудувана и оценета на родово одговорен начин?

## Повеќе информации

**Извори**


Susanna Bearne, Olga Oliker, Kevin A. O'Brien and Andrew Rathmell - ***National Security Decision-Making Structures and Security Sector Reform, The RAND Corporation,*** 2005.

DCAF - ***DCAF Backgrounder: National Security Policy, 2005. Initiative for Inclusive Security and International Alert – Inclusive Security, Sustainable Peace: A Toolkit for Advocacy and Action,*** 2004.

OECD - ***OECD DAC Handbook on Security System Reform: Supporting Security and Justice,*** 2007.

Kristin Valasek with Kaitlin Nelson - ***Securing Equality, Engendering Peace: a Guide to Policy and Planning on Women, Peace and Security (UN Security Council Resolution 1325), UN-INSTRAW,*** 2006.


**Збирка алатки за родот и РБС**

1. Реформа на безбедносниот сектор и родот
2. Реформа на полицијата и родот
3. Реформа на одбраната и родот
4. Реформа на правосудниот систем и родот
5. Реформа на казнениот систем и родот
6. Гранично управување и родот
7. Парламентарен надзор врз безбедносниот сектор и родот
8. Креирање на политиката за национална безбедност и родот
9. Надзорот на граѓанското општество врз безбедносниот сектор и родот
10. Приватни воени и безбедносни компании и родот
11. Проценка, набљудување и оценка на РБС и родот
12. Родова обука за кадарот во безбедносниот сектор

Прилог за меѓународните и регионалните закони и инструменти

Секоја од овие алатки и практични белешки е достапна преку: www.dcaf.ch, www.un-instraw.org and www.osce.org/odihr.


**Оваа Практична белешка беше подготвена од Мугихо Такешита од DCAF, врз основа на Алатка 8 чии автори се Питер Албрехт и Карен Барнс од International alert.**


[1] National Security Strategy for Jamaica: Towards a Secure and Prosperous Nation, a Green Paper, revised in May 2006; and Stone, C. et al, Supporting Security, Justice, and Development: Lessons for a New Era, 2005.

[2] Anderlini, S.N. and Conaway, C.P., Negotiating the Transition to Democracy and Reforming the Security Sector: The Vital contributions of South African Women, (Washington DC: Women Waging Peace), 2004.

[3] African National Congress (ANC), Ready to Govern, ANC Policy Guidelines for a Democratic South Africa adopted at the National Conference 28-31 May 1992. http://www.anc.org.za/ancdocs/history/readyto.html